**ФАКОМ, АД – Скопје**
**СОБРАНИЕ НА АД**
**С.О. бр. 01**
**04.07.2022 година**
**Скопје**

# З А П И С Н И К

Од одржаната седница на Собрание на акционери на ФАКОМ АД – Скопје.
Седницата се одржа во просториите на ФАКОМ АД – Скопје, Бул."Александар Македонски" бр. 18 на ден 04.07.2022 година со почеток во 12,00 часот.
Вкупниот број на акции во друштвото со право на глас е 67.000, а присуствуваа според верификуваниот список следните акционери, нивни застапници или полномошници: Repro one limited преку полномошник Иван Цветковски од Скопје за 40.000 (четириесетилјади) акции со право на глас, Repro one limited преку полномошник Славица Чикова од Скопје за 25.145 (дваесетипетилјадисточетириесетипет) акции со право на глас, Сашо Станкоски за себе со 77 (седумдесетиседум) акции со право на глас, Абдула Исмаил за себе со 30 (триесет) акции со право на глас, Насер Исмајљи за себе со 74 (седумдесетичетири) акции со право на глас и Перо Милошевски за себе со 39 (триесетидевет) акции со право на глас .
Присутни се и г-ѓа Снежана Сиљановска, Помошник Генерален Директор за економски прашања, г-дин Бојан Јордановски, Директор на РЕ Инженеринг и ѓ-ѓа Татјана Папастеревска, Раководител на службата за внатрешна ревизија.
Собранието е свикано врз основа на Одлука Управниот одбор на Друштвото УО бр. 54 од 31.05.2022 година. Повик за учество на собрание на акционери е објавен во весникот Нова Македонија на ден 01.06.2022 година.
1.Претседавачот на Собранието од претходната седница, Г-ѓа Славица Чикова од Скопје, ги информираше присутните дека предлози за измени и дополнувања на дневниот ред не се поднесени, а материјалите за седницата беа дадени секој да ги има на увид на начин согласно Закон, списокот на присутни го стави на јавен увид, ја отвори седницата и го објави кворумот на претставената главнина, односно објави дека присуствува потребното мнозинство и тоа акционери кои претставуваат 65.365 акции и 97,55 % од вкупниот број на акции со право на глас 67.000, според акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност на ден 04.07.2022 година, по што ја отвори седницата.

За работата на Собранието беше предложен и усвоен следниот :

## Д н е в е н р е д

I. **Процедурален дел**

1. Отварање на седницата на Собранието;
2. Избор на претседавач на Собрание;
3. Избор на записничар и двајца заверувачи на записник;
4. Избор на бројачи на гласови.

II. **Работен дел**

5. Разгледување и усвојување на записник од претходната седница на Собрание на акционери;
6. Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во 2021 година;
- Предлог Одлука за одобрување и усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на Друштвото за период од 01.01.-31.12.2021 година;
7. Извештај за извршената ревизија за 2021 година на годишната сметка и финансиските извештаи;

- Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за извршена ревизија за 2021 година;
8. Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2021 година
- Предлог Одлука за одобрување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото;
9. Предлог Одлука за употреба на нето добивката за финансиската 2021 година;
10. Предлог Одлука за распределба на нераспределената добивка од 2009 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар;
11. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на Друштвото;
12. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото;
13. Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2022 година.

2. Претседавачот отвори расправа по предлог за избор на претседавач на седницата, за која како претседавач е предложена Славица Чикова од Скопје, по што се стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**

**за избор на претседавач на Собрание**

1.За претседавач на Собранието се избира Славица Чикова, дипл.правник.

2.Мандатот на претседавачот на Собранието трае до избор на претседавач на наредното Собрание.

3. Претседавачот на Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата со Собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата со Собранието.

4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ ЗА“** донесување на одлуката за избор на претседавач на седницата на Собранието гласаа сите присутни акционери со 65.356 или 97,55 % од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ”** и **,,ВОЗДРЖАНИ”** нема.

Претседавачот од претходното собрание констатира дека за претседавач на ова Собрание едногласно е избрана Славица Чикова.

3. Претседавачот ги информираше присутните дека согласно Законот за трговски друштва и Статутот на ФАКОМ АД – Скопје треба да се изберат записничар и двајца заверувачи на записникот. Бидејќи никој не се јави за дискусија, пртседавачот ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**

**за избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот**

1. За записничар и двајца заверувачи на Записникот што се води на оваа седница (04.07.2022 година) се избираат :

- За записничар:
Радмила Софкоска
- За заверувачи на записникот:
Иван Цветковски
Абдула Исмаил

2. Записникот се поготвува најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на одржувањето на Собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот со Собранието, а го заверуваат избраните заверувачи од точка 1 на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА“** донесување на одлуката за избор на записничар гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ”** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **,,ВОЗДРЖАНИ”** нема.

**„ЗА“** донесување на одлуката за избор на двајца заверувачи на записник гласаа сите присутни акционери со 65.365 или 97,55 % од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ“** и **,,ВОЗДРЖАНИ“** нема.

Претседавачот констатира дека за записничар е избрана Радмила Софкоска, а за заверувачи на записникот едногласно се избрани Иван Цветковски и Абдула Исмаил.

4.Претседавачот ги информираше присутните дека согласно Законот за трговски друштва и Статутот на ФАКОМ, АД – Скопје треба да се изберат и бројачи на гласови, по што на предлог на претседавачот се донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за избор на бројачи на гласови**

1. За бројачи на гласови при донесување на одлуки по утврдениот ред за оваа седница (04.07.2022 година) се избираат:

**- ВИОЛЕТА АВРАМОВСКА**

**- ДОБРЕ НАУМОСКИ**

2. Бројачите на гласови утврдени во точка 1 на оваа Одлука имаат задача при донесување на секоја одлука по точките од дневниот ред да ги избројат вкупниот број гласови “ЗА“, “ПРОТИВ“ и “ВОЗДРЖАНИ“ и за истите да го известат претседавачот со Собранието за резултатите од гласањето.

За секоја одлука бројачите на гласови изготвуваат писмен извештај во кој се утврдува и кворумот за работа на Собранието.

Врз основа на писмениот извештај – за кворумот за работа и резултатите од гласањето, претседавачот со Собранието констатира, односно објавува дали одлуката за која се гласа е донесена.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА“** донесување на одлуката за избор на бројачи на гласови гласаа сите присутни акционери со 65.365 или 97,55 % од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ“** и **,,ВОЗДРЖАНИ“** нема.

Претседавачот констатира дека за бројачи на гласови едногласно избрани се Виолета Аврамоска и Добре Наумоски.

Претседавачот појасни дека е завршен процедуралниот дел и дека се преминува на работниот дел од дневниот ред.

5. Претседавачот на седницата отвори расправа по Записникот од претходната седница на Годишното Собрание на акционери одржана на 25.05.2021 година. За збор се јави акционерот Сашо Станковски кој изнесе забелешка дека од неговото произнесување на предметното собрание ништо не било нотирано во записникот, на што му беше појаснето дека во записникот се нотирани сите негови суштински забелешки и дека истиот не може да се оптоварува со нотирање на непотребните дискусии, по што се премина на гласање по точката од дневен ред.
**„ЗА“** усвојување на записникот од претходното годишно собрание на акционери одржано на ден 08.06.2020 година, гласаа четворица акционери со 65.249 или 97,38 % од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ“** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **,,ВОЗДРЖАН“** гласаше еден акционер со 39 или 0,05% од вкупниот број 67.000 гласови.
Претседавачот констатира дека Запинсикот од претходното годишно собрание на акционери одржано на ден 25.05.2021 година е усвоен.
6. Се пристапи кон разгледување на точката на дневниот ред - Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во 2021 година, па Претседавачот на седницата му даде збор на г-дин Бојан Јордановски, Директор на РЕ Инженеринг.
Директорот на РЕ Инженеринг истакна дека оствареното производство на ниво на ФАКОМ во 2021година изнесувало 18.093 ЕТ што значело дека предвидените 23.904 не биле остварени за -24% т.е. било произведено 5.811 ЕТ помалку од планираното.

Во однос на 2020 година производството на ниво на Факом АД било намалено за 16% или во еквивалентни тони тоа намалување изнесувало помалку за 3.428 ЕТ.
Остварениот физички обем во РЕ Производство во 2021 година изнесувал 8.755 ЕТ. Споредено со планираната количина (12.696 ет) оствареното производство било намалено за 31% а во однос на 2020 година производството било намалено за 21% или 2.383 ЕТ помалку.
Во структурата на оствареното производство доминирала челичната конструкција (5.254 ет) со 60 % учество во вкупните производи или за 25% било намалено остварувањето во однос на 2020 год. или -1.732 ЕТ помалку.
Втора по застапеност со 1.705 ЕТ била опремата која зафаќала 19% од вкупното производство, за разлика од 2020 година каде истата учествувала со 14% во вкупното производство. Во однос на 2020 година (1.601 ет) опремата била зголемена за 6%.
На овие два производа отпаѓало 79% од вкупното производство. Трет производ по застапеност во оваа година биле услугите со 1.586 ЕТ и завземале 19% од вкупното производство. Во однос на 2020 год. имамло намалување за 9%. Останатите производи биле ламели, профилиран лим и заварени носачи.
Поголеми ангажмани и испораки во 2021, РЕ Производство остварило за следните комитенти: Финкантиери Италија (3105 тони), Векома (365 тони), Спрингер (356 тони), Загреб Монтажа (112 тони), Кастрати (145 тони),МКМ Yachts-Croatia (282 тони) и останати.
Понатаму истакна дека просечната потрошувачка на норма часови за производство на 1 екв. тони изнесувала 40,38 часа. Просечниот број на вработени во 2021 бил намален за 28 работника во однос на 2020г, или за 5% ,додека во однос на планот бројот на вработени е намален за 29 лица.
Во своето излагање Директорот на РЕ Инженеринг истакна дека РЕ Монтажа во 2021 година остварила 9.338 ЕТ што претставувало намалување за 10% во однос на 2020 година или за 1045 ЕТ помало од 2020 година.
Во структурата на производството во 2021година во РЕ Монтажа и понатаму најдоминантно место имале услугите со 8.827 ЕТ со учество од 95% во вкупното производство.
Поголеми ангажмани во 2021 година РЕ Монтажа остварила во РЕК Битола,РЕК Осломеј,Макстил- ВДЛ,Макстил-челичана,Бетон АД,Цементара Титан Усје,Гранит,Окта,East gate,FKCF-Албанија.
Остварената продуктивност во 2021 година покажувала дека за производство на 1 ЕТ во РЕ Монтажа потрошени биле 17,76 часа и се совпаѓало со планираните 18 часа /ЕТ во Бизнис планот за 2021 година.
Во изминатата 2021 година во РЕ Монтажа потрошени биле вкупно 165.818 часа што значи во однос на 2020 година бројот на производни часови бил намален за 11% или 19482 часа помалку. Истовремено бројот на вработените во РЕ Монтажа бил за 1% намален во однос на 2020 година.

Понатаму, Претседавачот на собранието и даде збор на г-ѓа Снежана Сиљановска, Помошник Генерален Директор за економски прашања, која наведе дека во 2021 година била многу тешка година земајќи ја во предвид кризата предизвикана од Ковид 19 и порастот на цената на металот, што било причина да се одложи реализацијата на многу договори и истакна дека 2021 година била најлоша година во последните 10 години.
Исто така наведе дека како резултат на горенаведеното во периодот од 01.01.-31.12.2021 година Друштвото остварило позитивен финансиски резултат во износ од 908.126 денари наспроти нето добивката за истиот период од 2020 година која изнесувала 1.533.690 денари или била намалена за 41%. Вкупните приходи за 2021 година изнесувале 926.370.693 денари и истите биле намалени за 23% во однос на 2020 година или за 281.902.708 денари помалку во однос на 2020 година.
Приходите од продажба на добра и услуги во странство учествувале со 59% во вкупните приходи и биле помали за 6% во однос на 2020 година, додека приходите од продажба во земјата учествувале со 40% и биле поголеми за 7% во однос на учеството на истиот приход од 2020

година а останатите приходи учествувале со 1%. Приходот во 2021 година во однос на 2020 година бил намален за 23%.

Понатаму наведе дека во 2021 година направени биле вкупни трошоци во висина од 925.201.537 денари и истите во однос на 2020 година биле намалени за 23% ,а во однос на планот трошоците биле помали за 25%.

Трошоците за производство на ниво на Факом АД во својот состав го сублимирале 91% од најважниот и најобемниот трошок на компанијата. Учеството во вкупниот трошок споредено со минатата година покажувал дека е на исто ниво.Најголем дел од овие трошоци се однесувале на трошок за суровини и материјали кои со вкупен износ од 344.414.000 денари учествувале во вкупните трошоци со 37% . Покрај основниот материјал (дебели лимови, профили и тенок лим) во трошоците значаен сегмент завземал и таканаречениот помошен материјал. Вкупната вредност на помошните материјали на ниво на Факом АД изнесува 61.813 илј.денари и тие го оптоварувале основниот материјален трошок со 7% .

Помошник Генерален Директор за економски прашања, наведе дека трошоците за енергија на ниво на Факом АД биле зголемени за 3% во однос на лани, додека структурално учеството во вкупните трошоци било зголемено за 1,3% во однос на минатата година.

Втор по големина и влијание имал и трошокот на средства за плати и други трошоци за вработените. За оваа намена во 2021 година потрошени биле 341,19 мил. денари што претставувало 37% од сите трошоци или за 10% биле помали во однос на 2020 година.Најголемиот дел од овие трошоци се однесувале за исплата на бруто плата. Трошоците за кооперанти во 2021 година биле намалени за 10% во однос на 2020 година, а трошоците за дистрибуција биле намалени за 41% споредбено со 2020 година. Административните трошоци биле намалени за 14 % споредбено со 2020 година,а финансиските расходи бележеле зголемување за 6% во однос на 2020 година и тоа се должело на каматите. По однос на билансот на состојбата истакна дека имало намалување (отпишување поради амортизација) и дека зголемени биле обврските према добавувачите.

На крај повторно потенцираше дека 2021 година била исклучително тешка година и дека било добро друштвото што ја завршило со позитивен резултат.

Претседавачот на седницата отвори расправа по оваа точка од дневниот ред. За збор се јави акционерот Сашо Станковски кој побара појаснување од Помошникот Генерален Директор околу нето добивката.

На тоа Помошникот Генерален Директор за економски прашања му одговори дека трошоците биле многу големи и тоа е причината што била остварена мала добивка. Како резултат на порастот на цените на материјалите било намалено производството и биле одложени два големи договори, кои ќе се реализирале оваа година.

По затворање на расправата, претседавачот ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за период 01.01 - 31.12.2021 година**

1. Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на ФАКОМ, АД - Скопје за период 01.01. - 31.12.2021 година со следните показатели:

| | |
|---|---|
| Остварени приход | 926.370.694,00 |
| Остварени расходи | 925.201.539,00 |
| Остварена добивка пред оданочување | 1.169.155,00 |
| Данок на добивка | 261.029,00 |
| Остварена добивка по оданочување | 908.126,00 |

2. Извештаите од точка 1 се составен дел на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА“** донесување на Одлуката за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за период 01.01.-31.12.2021 година гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ”** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **,,ВОЗДРЖАНИ”** нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за период 01.01.-31.12.2021 година е донесена.
7. Се пристапи кон рзгледување на точката на дневниот ред- Извештајот за извршена ревизија за 2021 година, по која претседавачот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за извршена ревизија**
**за 2021 година**

1. Се усвојува Извештајот за извршена ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2021 година.
2. Составен дел на оваа Одлука е ревизискиот извештај.
3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА“** донесување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршената ревизија за 2021 година гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ”** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **,,ВОЗДРЖАНИ”** нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за за усвојување на Извештајот за извршената ревизија за 2021 година е донесена.

8. Претседавачот на Собранието отвори расправа по точката на дневен ред: Одобрување на извештајот на службата за внатрешна ревизија. Истиот го презентираше Раководителот на Службата за внатрешна ревизија г-ѓа Татјана Папастеревска, која истакна дека работата на службата на внатрешна ревизија се засновала на спроведување на редовните ревизии планирани во годишниот план за 2021г. Во извештајниот период биле извршени 4 ревизии:
Побарувања од купувачи, посреднички провизии, дневници за службени патувања и осигурување на основни средства.
Побарувања од купувачи – била констатирана ускладеност со воспоставените процедури и деловната политика на друштвото и целосно почитување на законската ргулатива.
Посреднички провизии – констатирано било дека процедурите се запазени, циркулирала исправна документација и бил воспоставен систем на контрола и одобрување на документацијата, соодветно на авторизациите за вклученост во конкретните проекти и хиерархијата на друштвото.
Дневници за службени патувања каде било утврдено дека во склад со регулативите и интерните процедури се исплаќало дневница и надомест на трошоците во врска со вршењето на работата поврзана со службеното патување, а по претходно овластување од одговорното лице во друштвото.
Осигурување на основни средства -не биле констатирани ризици кои би го нарушиле редовното работење.
По оваа точка од дневниот ред претседавачот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**

**за одобрување на Извештајот на**

**Службата за внатрешна ревизија на Друштвото**

1.Се одобрува Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото за деловната 2021 година.

2.Составен дел на оваа Одлука е Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во Друштвото.

3.Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето

**„ЗА“** донесување на Одлуката за одобрување на Извештајот на службата за внатрешна ревизија на друштвото гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за одобрување на Извештајот на службата за внатрешна ревизија на друштвото е донесена.

9. Претседавачот на собранието отвори расправа по токата на дневен ред- Предлог Одлука за употреба на нето добивката за финансиската 2021 година. За збор се јави акционерот Сашо Станковски кој побара по писмен пат да му биде доставен комплетен извештај од 2008 година до 2021 година за чистата добивка, за распределба на чистата добивка и за останатиот дел од чистата добивка. На истото му беше позитивно одговорено од страна на претставниците на Факом АД Скопје. Потоа претседавачот на собранието ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**

**за употреба на нето добивка за финансиската 2021 година**

1. Со оваа Одлука се врши распределба на остварената нето добивка за финансиската 2021 година која изнесува 908.126,00 денари за инвестиции.
2. Одлуката да ја спроведе финансовиот сектор на друштвото.
3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА“** донесување на Одлуката за употреба на нето добивката за финансиската 2021 година гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за употреба на нето добивката за финансиската 2021 година е донесена.
10. По точката од дневниот ред донесување на Одлука за распределба на нераспределената добивка од 2009 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар Претседавачот на Собранието отвори расправа. За збор се јави акционерот Сашо Станковски кој праша зошто е наведен бруто износ на една акција, а нема нето.На што Помошникот генерален директор за економски прашања му одговори дека истиот тој износ ќе биде намален за 20 % (10% персонален данок и 10% данок од добивка) па така ќе се добие нето износот на една акција.
По затворање на расправата Претседавачот ја стави на гласање следната:

**ОДЛУКА**

**за распределба на нераспределената добивка од 2009 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар**

1. Со оваа Одлука се врши распределба на нераспределената добивка од 2009 год. во износ од 9.000.000,00 ден. за исплата на дивиденда, во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Северна Македонија.
   Износот претставува бруто дивиденда што се исплаќа согласно со оваа Одлука и ги вклучува сите даноци, кои што ќе бидат задржани и платени од бруто дивидендата согласно со важечката даночна регулатива во Република Македонија на датумот на исплата.
2. Со оваа Одлука Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда во износ од 9.000.000,00 ден, која се распределува во согласност со Одлуката на Собрание за распределба на дел од добивката од 2009 година на Друштвото со ист датум и се врши утврдување на датуми при исплата на дивиденда и тоа:

- Износ на дивиденда за една акција во бруто износ изнесува 134,33 денари.
- Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2009 година е 14.07.2022 година.
- Датумот на евиденција на акционерска книга според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда за 2009 година е 18.07.2022 година.
- Прв датум на тргување без право на дивиденда е 15.07.2022 година.
- Исплатата на дивидендата ќе се изврши најдоцна до 30.09.2022 година.
- Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.
- Друштвото ќе ги информира акционерите во врска со исплатата на дивиденда, со соодветно известување по усвојувањето на Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар од страна на Собранието.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА“** донесување на Одлуката за за распределба на нераспределената добивка од 2009 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема. Претседавачот констатира дека Одлуката за распределба на нераспределената добивка од 2009 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар е донесена.

11. По точката од дневниот ред одобрување на работата на членовите на Управниот одбор, Претседавачот на Собранието отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за дискусија, председавачот го стави на гласање -одобрување на работата на секој член на Управниот одбор и тоа:

**„ЗА“** Мартин Велковски-Претседател на Управниот одбор гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.

**„ЗА“** Снежана Сиљановска-Член на Управниот одбор гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.

**„ЗА“** Бојан Јордановски-Член на Управниот одбор гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.

**„ЗА“** Димче Галовски -Член на Управниот одбор гласаа четворица акционери со 65.249 или 97,38 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАН“** гласаше еден акционер со 39 или 0,05% од вкупниот број 67.000 гласови.

**„ЗА“** Игор Трајковски -Член на Управниот одбор гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.

По извршеното одделно гласање за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор за деловната 2021 година на секој член на Управниот одбор председавачот констатира дека е донесена :

**О Д Л У К А**

**за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор**

1. Се одобрува работата на членовите на Управниот одбор на ФАКОМ АД – Скопје за деловната 2021 година на:

| | |
|---|---|
| Мартин Велковски | - Претседател на У.О. - Генерален директор |
| Снежана Сиљановска | - Член на У.О.-Пом.Ген.Дир. за економски прашања |
| Бојан Јордановски | - Член на У.О. – Дир. на РЕ Инженеринг |
| Димче Галовски | -Член на У.О. – Директор на РЕ Монтажа |
| Игор Трајковски | -Член на У.О.- Директор на РЕ Производство |

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

12. По точката на дневниот ред одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор, Претседавачот на собранието отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за дискусија претседавачот го стави на гласање -одобрувањето на работата на секој член на Надзорниот одбор и тоа:

**,,ЗА"** Минчо Јорданов-Председател на Надзорниот одбор гласаа гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ"** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **,,ВОЗДРЖАНИ"** нема.

**,,ЗА"** Ѓорѓи Савов-Член на Надзорниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.365 или 97,55 % од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ"** и **,,ВОЗДРЖАНИ"** нема.

**,,ЗА"** Горан Мауровски-Член на Надзорниот одбор гласаа гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ"** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **,,ВОЗДРЖАНИ"** нема.

**,,ЗА"** Наташа Јорданова Мауровска-Член на Надзорниот одбор гласаа гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ"** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **,,ВОЗДРЖАНИ"** нема.

По извршеното одделно гласање за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор за деловната 2020 година на секој член на Надзорниот одбор председавачот констатира дека е донесена :

**О Д Л У К А**

**за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор**

1. Се одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор на ФАКОМ АД – Скопје за деловната 2021 година на:

| | |
|---|---|
| Минчо Јорданов | - Претседател |
| Ѓорѓи Савов | - Независен член |
| Горан Мауровски | - Член |
| Наташа Јорданова Мауровска | - Член |

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

13. По точката од дневниот ред Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2022 година,

Претседавачот на седницата отвори расправа, бидејќи никој не побара збор Претседавачот ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**
**за назначување(одредување) на ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Факом АД – Скопје за 2022 година**

1. За ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2022 година се одредува :
   **Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО-Скопје.**
2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

**„ЗА"** донесување на Одлуката за назначување (одредување) на ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Факом АД –Скопје за 2022 година гласаа гласаа пет акционери со 65.288 или 97,44 % од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ"** гласаше еден акционер со 77 или 0,11% од вкупниот број 67.000 гласови и **,,ВОЗДРЖАНИ"** нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за назначување (одредување) на ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Факом АД –Скопје за 2022 година е донесена.
Седницата заврши во 13:30 часот.
Составен дел на Записникот се: списокот на верифицирани акционери заверен од претседавачот и записничарот, извод од Акционерската книга издадена од ЦДХВ на ден 04.07.2022 година, Одлука на Управниот одбор бр. 54 од 31.05.2022 година, јавниот оглас објавен во дневниот весник Нова Мкедонија на ден 01.06.2022 година, Известувањето од Repro one limited бр. 11-03/3752 од 01.07.2022 година ,полномошна за Славица Чикова и Иван Цветковски, Записник со преглед за спроведено гласање,Одлуки по материјалот по дневниот ред.

**ЗАПИСНИЧАР:**
**Радмила Софкоска**

**ФАКОМ АД – Скопје**
**С О Б Р А Н И Е**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Славица Чикова,Дипл.правник**

**ЗАВЕРУВАЧИ НА ЗАПИСНИК:**
**1.Иван Цветковски**

**2.Абдула Исмаил**